**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод одбележувањето на три годишнината од членството на Северна Македонија во НАТО**

27.03.2023 година – Касарна „Илинден“ - Скопје

Единство и одлучност за мир, за безбедност. Тоа е пораката под која денеска, сите заедно ја одбележуваме три годишнината од полноправното членство на Република Северна Македонија во НАТО – Алијансата – нашата стратешка надворешно-политичка цел цели три децении.

Чекавме долго за да можеме да кажеме – Ние сме НАТО, Ние сме заедно и посилни, Ние сме сојуз на 30 еднакви нации кои ги поврзуваат вредностите кои ги живееме, верата во принципите и правила на сојузништвото и одлучнос дека за мирот, безбедноста и сигурноста на секоја педа НАТО територија и една милијарда луѓе во светот, нема компромис.

Во трите децении исчекување имавме и подеми и падови, но никогаш не се откажавме и покрај теориите на заговор и различните конструкции опстоивме на најважното и не го изгубивме идентитетот. Денес не само што знаеме кои сме туку припаѓаме и таму каде што ни е местото.

Денес гордо велиме дека Ние сме НАТО, затоа што знаевме да бидеме храбри, знаевме да донесеме вистински одлуки, кои навистина беа донесени во вистинско време.

За жал во 2023-тата година, во 21-от век мораме да потврдиме дека еден дел од Европа не е во мир. Еден дел од Европа ги живее своите најмрачни денови, за кои и јас лично бев убедена дека се закопани длабоко во минатото. Но, свежи се моите сеќавања од фотографиите од невидените ужаси во Буча, бетонските остатоци кои некогаш биле детска градинка во Ирпин, потемнетите полуѕидови кои биле старечки домови во Киев. Тие покажуваат дека минатото кое предизвикуваше страдања и болка е реинкарнирано во бура на која мора да и се спротивставиме – јасно и гласно.

Од првиот момент Северна Македонија беше јасна. Одлучно и цврсто стоиме на ставот – НЕ за војна, НЕ за страдања, НЕ за невини жртви. Донесовме одлуки за помош и поддршка на суверена земја која прави сè за да се одбрани од надворешна агресија, и тоа го направивме со разум и со цел да му помогнеме

на народот кој сака само да биде свој на своето, да го заштити сопствениот суверенитет на кој има полно право.

Почитувани присутни,

Во изминатите 74 години НАТО се покажа како гарант на стабилноста во евроатлантската област. И токму затоа сите ние заедно треба да вложуваме во развојот на Алијансата за да можеме заедно и колективно да ги одвраќаме и да се одбраниме од заканите по безбедноста на членките на Алијансата.

Ако погледнеме на нашата работа дома, нашата цел не беше само да ја внесеме само Армијата во НАТО, туку и НАТО во Армијата – со опремата која секојдневно се менува, со процедурите и процесите кои се развиваат, со кадарот кој се усовршува, со условите за работа и стандардот кој го има секој професионален војник, секој армиски подофицер и офицер, а сето ова ќе беше невозможно без раст на Буџетот на одбраната. И покрај сите економски и енергетски предизвици со со кои се соочи Владата и министрите од економските ресори, Буџетот за одбраната расте.

Согласно плановите, нашата земја ќе го достигне НАТО критериумот од 2% од БДП алоциран за одбрана веќе следната година, додека вториот критериум за одвојување на 20% од одбранбениот буџет за опремување и модернизација веќе и го надминавме имајќи предвид дека во 2023 година, 33% од буџетот е токму наменет за опремување.

Тоа значи две нешта: прво дека припадниците на Армијата, оние кои секогаш и секаде се први, оние кои имаат сила, волја и мотив да му помогнат на секој граѓанин на нашата татковина, заслужено ќе работат со нова, најсофистицирана, најмодерна опрема.

Второ, одвојувањето на една третина од одбранбениот буџет за опремување покажа дека Северна Македонија, најновата членка на НАТО – Алијансата се модернизира и развива со забрзано темпо, и дека после долги години неинвестирање во одбраната, денеска сме во чекор со нашите НАТО-сојузници.

Овие средства кои ги двоиме од државниот буџет се наменети за нас, за нашата Армија, за нашиот војник.

Почитувани припадници на Армијата денес вие сте нашата гордост. Секој денар вложен во вас е влог во нашата иднина, во нашата држава, така ќе биде и во иднина.

На крајот  им благодарам на сите припадници на Армијата кои се на мисии надвор од Македонија, им благодарам и на цивилните и воени претставници во седиштето на НАТО во Брисел, ни и во Командите и Центрите на Алијансата. Свој допринос имаат и првиот министер за одбрана и неговите следбеници, поранешните мистри за одбрана но и поранешните началници на Генералштабот. Се разбира поддршката и заложбите на граѓанскиот сектор се дел од овај успех. Благодарност и за посветеноста и пожртвуваноста на вработените во Министерството за одбрана и Армијата.

Заедно ќе постигенеме уште повеќе!

Нека ни е честита три годишнината од членството во Алијансата!